АТЛЕТСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# С Т А Т У Т
# НА АТЛЕТСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## (Пречистен текст)

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 6

**Скопје, Октомври 2021 година**

*Врз основа на член 5, 20, , 25 , 40 , 74 и 76 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 31/98 , 29/07 , 52/10 , 135/11 ), и членовите 14 и 15 од Законот за спортот ( Службен весник на Република Северна Македонија (бр. 29/02, 66/04, 81/08 , 18/11 , 51/11 , 64/12 , 148/13 , 187/13 , 42/14 , 138/14 , 177/14 , 72/15 , 153/15 , 6/16 , 55/16 , 61/16 , 106/16 , 190/16 , 98/19 и 244/19 ) и членот 35 од Статутот на Атлетската федерација на Северна Македонија , Собранието на Атлетската федерација на Северна Македонија на својата седница одржана на 08ми Октомври 2021 година донесе :*

# С Т А Т У Т
## на Атлетска федерација на Северна Македонија
## (Пречитен текст)

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Атлетската федерација на Северна Македонија (во натамошниот текст: АФСМ) е самостоен и доброволен сојуз односно федерација настаната со здружување на спортски здруженија и други правни лица кои негуваат атлетски спорт (во натамошниот текст: атлетски клубови) .

Член 2

(1) АФСМ е независна во управувањето и остварувањето на своите права и интереси утврдени со овој статут, со кои што ќе влијае врз градење и креирање на јавното мислење .

(2) За остварување на задачи од заеднички интерес во областа на спортот во Република Северна Македонија како и остварување на своите програмски определби, АФСМ може да се здружува и со други здруженија, сојузи и асоцијации.

(3) АФСМ е полноправен член на Македонскиот Олимписки Комитет со сите права и обврски кои произлегуваат од Статутот на Македонскиот Олимписки Комитет и меѓународните акти кои ги прифаќа Македонскиот Олимписки Комитет, а особено за реализација на подготовките и учеството на Олимписките игри, притоа задржувајќи го правото да го одреди атлетскиот олимписки тим.

(4) АФСМ е член на Меѓународната асоцијација на атлетски федерации (ИААФ), Европската атлетска асоцијација (ЕАА) и Асоцијацијата на Балканските атлетски федерации (АБАФ), а може да се здружува и членува и во други меѓународни асоцијации, сојузи и федерации.

(5) АФСМ е поврзана со ИААФ, а преку ИААФ и со Европската Атлетска Асоцијација. АФСМ во целост го прифаќа и се придржува кон актуелниот Статут, правилата и прописите на ИААФ и Европската Атлетска Асоцијација, како и било какви идни промени.

Член 3

АФСМ е основана на Конститутивно Собрание одржано во септември 1947 година.

Член 4

Седиштето на АФСМ е во Скопје, Кошаркарска сала “Работнички” бб Градски парк, поштенски фах 5.

Член 5

АФСМ има својство на правно лице.

Член 6

(1) Назив на федерацијата е АТЛЕТСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Скопје (и на англиски : ATHLETICS FEDERATION OF NORTH MACEDONIA Skopje)

(2) Скретен називи на федерацијата е АФСМ Скопје (и на англиски : AFSM Skopje)

(3) АФСМ има свој печат и архивски штембил.

(4) Печатот на АФСМ е во тркалезна форма и во него е испишано, Атлетска федерација на Северна Македонија, Република Северна Македонија, Скопје и во него во средината е втиснато логото на АФСМ.

(5) Архивскиот штембил е во правоаголна форма и во него е испишано АТЛЕТСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, место за број, место за датум и најдолу СКОПЈЕ со следниов изглед:

**АТЛЕТСКА ФЕДЕРАЦИЈА**
**НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Бр. ______________________________**
**_________________. 20____ година**
**СКОПЈЕ**

Член 7

(1) АФСМ има свое лого и знаме

(2) Логото на АФСМ претставува две стилизирани силуети на атлетичари во трчање, а под него стои кратенка " АФСМ ".

(3) Знамето на АФСМ е во правоаголна форма во однос 2:1, на бела основа на која е поставено логото на АФСМ.

## 2. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ И НИВНО ОСТВАРУВАЊЕ

Член 8

Атлетските клубови од Република Северна Македонија се здружени во АФСМ заради остварување на поширок заеднички интерес.

Член 9

(1) АФСМ своите цели и задачи ги остварува во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, позитивните законски и подзаконски акти во Република Северна Македонија и овој Статут.

(2) АФСМ ги прифаќа целите и задачите утврдени со актите на Меѓународната асоцијација на атлетски федерации (ИААФ).

(3) АФСМ како посебни цели и задачи од поширок заеднички интерес ги утврдува следните:

- развој и унапредување на атлетскиот спорт во Република Северна Македонија;
- развој и унапредување на атлетиката во воспитно - образовните установи во сите степени на образованието;
- застапување на заедничките интереси на членовите на АФСМ пред државните и другите спортски организации и учество во подготвувањето прописи од интерес на членовите на АФСМ преку давање мислење и сугестии;
- воспоставување и реализација на систем на натпревари, донесување на Пропозиции и Календар на натпревари;
- организација на атлетски натпревари и манифестации за сите категории;
- организација на меѓународни натпревари и манифестации во атлетика;
- соработка и учество во меѓународни атлетски активности, на светско, европско и балканско ниво, активности на олимпиското движење и меѓународни спортски

регионални организации;
- подготовка на поединци и репрезентации на Република Северна Македонија за натпревари во земјата и надвор од неа;
- реализација на Програма за надградба на стручните кадри во АФСМ;
- давање иницијативи за соработка со организации кои реализираат Програми што се значајни за развојот на атлетскиот спорт;
- водење евиденција и документација за своите членки, за регистрација и премин на атлетичари од клуб во клуб, регистрација на клубови;
- водење документација за одржаните атлетски натпревари и издавање годишни билтени;
- водње листа на рекорди и објава на истата најмалку еднаш годишно;
- обезбедување на почитување и примена на светските норми, правила, стандарди и мерки за заштита во атлетскиот спорт;
- покренување иницијатива за изградба, одржување и реновирање на атлетски борилишта во Република Северна Македонија;
- грижа за набавка и одржување на неопходна опрема реквизити за организација на атлетски натпревари во Република Северна Македонија;
- усогласување и координирање на програмските активности на атлетските клубови во Република Северна Македонија;
- поттикнување на работењето на своите членови со доделување на награди и признанија (годишни и јубилејни) за истакнати атлетски резултати и за допринос и унапредување на атлетскиот спорт во Северна Македонија;
- работа на јакнење на спортскиот морал и спортскиот дух кај своите членови и утврдува правила на однесување во нивните меѓусебни односи;
- користење средства од развојни и други фондови, на меѓународните спортски и други организации;
- комуницирање со локалната управа за статусот, потребите и условите за работа на клубовите во општините;
- водење евиденција на спортистите, спортските работници и клубови;
- организирање и обезбедување на функционирањето на единствениот информативен систем за потребите на атлетскиот спорт;
- соработка со други правни субјекти и маркетинг агенции.

Член 10

За остварување на своите цели, интереси и активности и за финансирање на своите функции утврдени во Статутот, АФСМ може да основа друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво.

Член 11

(1) АФСМ особено се грижи за развој и унапредување на атлетиката во воспитно - образовните установи во сите степени на образованието, реализирајки и соодветен систем на натпревари усогласен со наставните планови и програми на училиштата.

(2) АФСМ организирара и реализира посебна програма за работа со талентирани атлетичари.

(3) АФСМ издава лиценци за организирање и водење на атлетска школа, на клубови и поединци, кои ги исполниле условите утврдени со закон.

(4) АФСМ издава лиценци за тренери, согласно правилникот на тренерската комисија за издавање на лиценци.

(5) АФСМ носи акт за издавање на лиценци за водење атлетска школа, согласно правилникот за водење на атлетска школа.

Член 12

АФСМ се ангажира за популаризација на атлетиката, а ќе ~~ја~~ помага и иницира издавачка дејност од областа на атлетскиот спорт.

## 3. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

Член 13

(1) Членувањето во АФСМ е врз доброволна основа.

(2) Во АФСМ покрај клубовите од член 14 кои се редовни членови, може да членуваат и други правни или физички лица како почесни членови или членови соработници.

(3) За членување на субјектите од ставот (2) на овој член одлука донесува Извршниот одбор на АФСМ.

Член 14

(1) Во АФСМ како редовни членови, членуваат клубови кои го негуваат атлетскиот спорт на територијата на Република Северна Македонија.

(2) Атлетски клубови во смисла на овој Статут се спортските здруженија кои го негуваат атлетскиот спорт и други правни лица во областа на спортот.

(3) Други правни лица се: трговец поединец и трговско друштво регистрирано за вршење дејност спорт, како и правно лице кое покрај регистрацијата за вршење дејност од друга област, е регистрирано и за вршење дејност спорт.

(4) Постапка за прием на атлетски клуб во АФСМ се врши со поднесување на барање до Извршниот одбор, кое барање со предлог од Извршниот одбор се доставува до Собранието на АФСМ.

Со барањето клубот е должен да достави:

- акт за основање,
- статут на клубот,
- записник од основачко Собрание

(5) Атлетскиот клуб по постапката за приемот во АФСМ, законски е обврзан во рок од 30 дена да достави барање за добивање на решение за вршење дејност спорт, од органот на управата надлежен за работите од обласа на дејноста спорт, со што стекнува со право да учествуваат во работата на Собранието на АФСМ и ги стекнува сите права и обврски утврдени во Статутот.

(6) Доколку сите законски услови се исполнети, одлука за прием во членство донесува Собранието на АФСМ.

(7) Атлетски клуб регистриран како здружение, може да престане со работа како здружение и да се регистрира како трговско друштво за вршење дејност спорт.

(8) АФСМ му признава континуитет на остварениот резултат на трговското друштво кое настанало со пререгистрирање на спортско здружение во трговско друштво чиј наследник е.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ * РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 6

Член 15

Атлетски клуб станува член на АФСМ, ако:

- собранието позитивно се изјасни по основ на неговото барање за прием во членство
- во клубот членуваат атлетичарки и атлетичари во најмалку две возрасни категории;
- има најмалку еден тренер кој ги исполнува прописите за бавење со стручна работа (завршен факултет за физичка култура или завршена виша тренерска школа) или се има стекнато со лиценца добиена од ИААФ и кој има тренерска лиценца од АФСМ;
- потпише пристапница;

- го достави статутот на клубот до АФСМ, кој е во склад со статутот на АФСМ, Законот за спорт и Законот за здруженија и фондации;
- да даде изјава дека во целост го прифаќа Статутот и другите општи акти на АФСМ;
- уплати годишна членарина, во висина утврдена со одлука на Извршниот одбор на АФСМ.

Член 16

Со одлука на Извршниот Одбор на АФСМ после поднесеното писмено барање, новиот клуб може да учествува во натпреварите од календарот на АФСМ надвор од конкуренција и во работата на органите на АФСМ без право на глас, до добивањето решение за вршење дејност спорт, од органот на управата надлежен за работите од областа на дејноста спорт со што станува полноправен член во АФСМ.

Член 17

Членовите на АФСМ имаат свои Статути односно основачки акти и други нормативни акти што се во согласност со Статутот на АФСМ, Законот за спортот и Законот за здруженија и фондации односно Законот за трговските друштва.

Член 18

Клубовите имаат права и обврски:

- по приемот во АФСМ во рок од 30 дена да поднесат барање за добивање на решение за вршење дејност спорт, од органот на управата надлежен за работите од областа на дејноста спорт, со што стекнуваат право да учествуваат во работата на Собранието на АФСМ и ги имаат сите права и обврски утврдени во Статутот и во другите општи акти на АФСМ ;
- редовно ја плаќаат членарината на АФСМ и обезбедуваат услови за ефикасна работа на АФСМ;
- да учествуваат на сите натпревари и атлетски манифестации што ги организира АФСМ и клубовите;
- преку свои претставници да учествува во работата на органите и телата на АФСМ;
- да водат грижа за школување и надградба на стручните лица;
- да обезбедуваат услови за тренинг и натпревари на своите членови;
- да организираат атлетски натпревари согласно одлуките на Извршниот одбор.
- да обезбедат основни услови за работа на членовите на клубот;
- да соработуваат со стручната комисија и селекторот на репрезентација во реализација на тренажните активности и настап на репрезентативците од нивниот клуб на натпревари во земјата и надвор од неа.

Член 19

(1) Својството член на АФСМ престанува, ако :

- членот престане да работи;
- на писмено барање од членот;
- со одлука на надлежниот орган на АФСМ;
- ако кон клубот согласно законот има покренато постапка за престанок на истиот од органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот.

(2) Престанокот на членсво во АФСМ се утврдува по предлог на Извршниот Одбор и со одлука на Собранието на АФСМ, кој го брише членот од регистарот на членови на АФСМ.

(3) Одлуката на Собранието е конечна.

Член 20

(1) АФСМ од своето членство може да исклучува свои членови кои работат против атлетскиот спорт и штетат на неговиот развојот во Република Северна Македонија и не ги почитуваат одредбите од овој Статут.

(2) Исклучувањето на клубовите од Регистарот на клубовите, од став 1 на овој член, го врши Собранието, на предлог на Извршниот Одбор.

Член 21

Против клубови и поедини членови, кои не го почитуваат Статутот и актите на АФСМ се покренува и води дисциплинска постапка согласно Правилник за дисциплинска одговорност.

Член 22

(1) Членот на АФСМ одговара за своите обврски кои настанале пред престанокот на членство во АФСМ.

(2) Со престанок на членството во АФСМ престанува и мандатот на претставниците на членот во органите на АФСМ.

(3) Со престанување на членството престанува и правото на учество и организирање на атлетски натпревари под покровителство на АФСМ.

(4) Атлетичарите кои биле членови во клубот на кого му престанало членството во АФСМ можат да се зачленат во друг член на АФСМ на начин и под услови утврдени со правилникот за регистрација и преминување на атлетичари од клуб во клуб.

Член 23

Сите атлетски натпревари во Република Северна Македонија се организираат според Правилата за атлетски натпревари на Меѓународната Асоцијација на Атлетски Федерации (ИААФ) и Пропозициите за атлетски натпревари во Република Северна Македонија.

Член 24

(1) Атлетските тренери и судии во АФСМ, своите права, должности и програми ги реализираат преку соодветните комисии на АФСМ.

(2) Работата на комисиите се регулира со правилници за работа, во кои се утврдени нивните права, обврски, структрура и делување.

Член 25

(1) Атлетичарите и тренерите се членови на АФСМ преку нивните клубови.

(2) Атлетичарите и тренерите може да се занимаваат со атлетски спортски активности, аматерски или професионално.

(3) Професионалниот тренер и атлетичар со атлетскиот клуб заснова работен однос согласно законските прописи на Република Северна Македонија.

Член 26

(1) Член на атлетскиот клуб може да стане секој граѓанин на Република Северна Македонија, кој ги прифаќа одредбите од Статутот на клубот.

(2) Член на атлетскиот клуб може да е и странски државјанин кој живее најмалку 6 месеци непрекинато во Република Северна Македонија и ги прифаќа одредбите од статутот на клубот.

(3) Одлука за прием на член донесува клубот согласно Статутот.

Член 27

(1) Членството во клубот е доброволно.

(2) Во моментот на пристапување во членство во клубот атлетичарите и клубот потпишуваат пристапница (обврзувачки договор) во кој што се обврзуваат за меѓусобно почитување на минималните права и обврски кои произлегуваат од соодветните закони на РМ и статутите и правилниците на Федерацијата и клубот

(3) Атлетските клубови со атлетичарите кои спортската активност ја вршат аматерски може да склучат меѓусебен договор во кој што ќе ги регулираат меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од законот за Спорт.

(4) Атлетичар може да е член на само еден клуб во една натпреварувачка година, согласно со Правилникот за регистрација и премин на атлетичари од клуб во клуб.

(5) Во исклучителни случаи, спогодбено, ако постои согласност помеѓу членот и клубот, атлетичарот може да го напушти клубот и да премине во друг клуб согласно правилникот за регистрација и премин на атлетичари од клуб во клуб.

(6) Ниту еден атлетичар нема да добие одобрение од АФСМ да користи свој Претставник и ниту еден Претставник на атлетичар нема да добие одобрение од АФСМ да биде претставник на атлетичарот, освен ако постои писмен договор помеѓу атлетичарот и неговиот Претставник кои ги содржи минималните услови пропишани со правилата на ИААФ.

Член 28

Член на клубот има право на настап на атлетски натпревари по извршената регистрација во АФСМ, согласно со Правилникот за регистрација и премин на атлетичари од клуб во клуб.

Член 29

(1) АФСМ утврдува услови за регистрација и премин на атлетичари од клуб во клуб.

(2) Условите од ставот (1) на овој член ги утврдува Собранието по предлог-правилник усвоен од страна на Извршниот одбор

(3) Со Правилникот од ставот (2) на овој член особено се утврдува формата, условите, и другите прашања врзани за регистрација на атлетичари, како и условите за премин од еден во друг атлетски клуб.

Член 30

Атлетскиот клуб за извршување на атлетските спортски активности обврзан е да обезбеди, услови за безбедно занимавање на атлетичарите со атлетските активности, атлетски стручњаци, планирање и евиденција на стручната работа како и водење на базичната евиденција.

Член 31

(1) Тренерската дејност во клубовите може да ја вршат стручни лица со најмалку завршен 6/1 степен од областа на спортот (вишо образование), или се имаат стекнато со лиценци добиени од ИААФ и имаат тренерска лиценца од АФСМ.

(2) Клубовите кои немаат ангажирано стручно лице од став 1 на овој член не можат да учествуваат во системот на натпревари и да организираат тренажен процес за своите членови.

(3) Клубовите се обврзани на почетокот на годината да ги пријават стручните лица кои ќе бидат ангажирани во текот на натпреварувачката година, а како доказ го доставуваат договорот склучен помеѓу клубот и стручното лице.

(4) Во случај клубот да изврши промена на ангажираното стручно лице должен

е правовремено за тоа да ги извести соодветните органи на АФСМ.

(5) Во моментот на пријавувањето едно стручно лице не може да биде пријавено истовремено од два клуба, освен доколку двата клуба имаат меѓусебен договор.

(6) Стручното лице својата работа ја врши аматерски или професионално согласно законите во Република Северна Македонија.

Член 32

(1) Реализацијата на атлетските натпревари ја врши Натпреварувачката комисија, согласно Пропозициите за натпревари, кои ги донесува Извршниот одбор на АФСМ.

(2) За регуларноста на натпреварите се обврзува Судиската комисија.

(3) Атлетски судија е лице кое има положено испит за атлетски судија, согласно Правилникот за полагање на судиски испити на АФСМ.

(4) Судиите својата функција ја вршат согласно Правилата за атлетски натпревари на Меѓународната Асоцијација на Атлетски Федерации (ИААФ).

(5) Судиската комисија на почетокот на годината го објавува регистарот на лиценцирани атлетски судии во Република Северна Македонија.

## 4.ОРГАНИ НА АФСМ

Член 33

Органи на АФСМ се:

- Собранието на АФСМ;
- Извршен Одбор на Собранието на АФСМ;
- Надзорен Одбор на АФСМ;
- Претседател на АФСМ;
- Заменици на претседателот на АФСМ;
- Генерален секретар на АФСМ.

### 4.1 СОБРАНИЕ НА АФСМ

Член 34

(1) Собранието на АФСМ е највисок орган,

(2) Собранието го сочинуваат делегати од секој атлетски клуб, кој е примен како член на АФСМ .

(3) Право на глас на Собрание имаат само оние делегати чии клубови имаат добиено решение за вршење дејност спорт од надлежен орган и имаат учествувано барем на четири (4) државни првенства со атлтеичарки или атлетичари во сопствени категории во организација на АФСМ , во најмалки четири (4) различни возрасни категории , во последната натпреварувачка сезона .

(4) Секој атлетски клуб може да има по 2 (два) делегати во Собранието и при одлучувањето нивниот глас се брои како еден глас односно како глас на атлетскиот клуб член, а не како глас на поединечен делегат.

(5) Пред закажување на Собрание на АФСМ, Извршниот одбор го усвојува списокот на клубови кои имаат право да делегираат свои делегати за Собранието на АФСМ и клубови кои имаат право на глас на Собранието на АФСМ.

(6) Мандатот на делегатите на клубовите во Собранието трае 4 (четири) години со можност за повторен избор.

(7) Мандатот на делегатот во Собранието може да престане и пред истекот на рокот;

- на лично барање на делегатот;
- со отповикување на делегатот од страна на клубот кој го делегирал;
- ако биде отповикан поради непридржување според одредбите на Статутот;
- поради објективни состојби, здравствена состојба, смрт и сл., кои не дозволуваат делегатот да ја врши својата функција;
- поради престанок на работата на членот кој го преставува.

(8) Промената на делегатот во Собранието се врши на начин и постапка предвидени во Деловникот за работа на Собранието.

(9) Мандатот на новоизбраниот делегат трае до истекот на мандатот на Собранието.

(10) Делегатот на членот на Собранието со право на глас има права и обврски утврдени со овој Статут.

(11) Тој може да избира, биде избиран, предлага и одлучува по прашања што се во делокруг на работата на Собранието, согласно Статутот и Деловникот, а во согласност со ставот (4) од овој член.

(12) Делегатот на членот на Собранието без право на глас може да учествуваат во дискусиите во работата на Собранието.

Член 35

Собранието на АФСМ расправа и одлучува за следните прашања:

(1) донесува Статут на Федерацијата и измени и дополнувања на Статутот на Федерацијата;
(2) донесува Деловник за работа на Собранието на АФСМ;
(3) избира Претседател на АФСМ;
(4) избира членови на Извршниот одбор;
(5) утврдува основни насоки за развој на атлетскиот спорт во земјата;
(6) утврдува пропозиции за натпревари;
(7) утврдува политика за развој и меѓународна комуникација на АФСМ;
(8) ги разгледува и усвојува програмите за работа на АФСМ;
(9) утврдува годишни и повеќе годишни програми за развој на атлетскиот спорт во Република Северна Македонија;
(10) реализира обврски што произлегуваат од Законот за спорт и што ги поставува органот на управа надлежен од работите од дејноста спорт;
(11) донесува одлука за престанок на АФСМ;
(12) констатира прием на нови членови и престанок на членувањето по предлог на Извршниот одбор.

Член 36

(1) Собранието на АФСМ може да биде редовно, изборно, тематско и вонредно.

(2) Редовно собрание се одржува најмалку еднаш во годината, Изборно се одржува на секоја четврта година, тематско по потреба.

(3) Вонредно собрание може да се свика за измени и дополнувања на Статутот на АФСМ и за активности кои се во надлежност на Собранието. Вонредно собрание може да биде свикано по одлука на Извршниот одбор, по барање на Надзорниот одбор или по барање на 1/3 од клубовите здружени во АФСМ.

(4) Пред закажување на Собранието за избор на нови органи на АФСМ, Извршниот одбор го усвојува списокот на клубови кои имаат право да делегираат свои членови во Собранието на АФСМ и клубови кои имаат право на глас на Собранието на АФСМ.

Член 37

(1) Собранието својата работа ја реализира на седници.

(2) Собранието донесува одлуки со мнозинство на гласови од присутните со право на глас.

(3) Одлука за престанок на работата на АФСМ се донесува со двотретинско мнозинство.

Член 38

(1) Седниците на Собранието на АФСМ ги свикува и со нив раководи Претседателот на АФСМ.

(2) Собранието работи според Деловник за работа.

Член 39

(1) Собранието за својата работа е одговорно пред здружените клубови.

(2) Претставниците на клубовите во Собранието одговараат за својата работа пред клубот од кои се избрани во Собранието.

4.2 ИЗВРШЕН ОДБОР

Член 40

(1) Извршниот одбор е извршен орган на Собранието.

(2) Мандатот на членовите на Извршниот одбор трае 4 години.

(3) Извршниот одбор го сочинуват 11 члена.

(4) Претседателот на АФСМ составува Предлог листа на можни членови на Извршниот одбор, по што Собранието избира членови на Извршниот одбор.

(5) На предложената листа за можни членови на Извршниот одбор задолжително треба да се предложат 8 лица кои се претставници на клубовите кои имаат право на глас и се присутни на Собранието на АФСМ. Останатиот број од 3 лица се по избор на Претседателот на Собранието.

(6) Претседателот на АФСМ по функција е член на Извршниот Одбор

(7) Секој државјанин на Р. Северна Македонија избран во Советот на ИААФ, е и член на Извршниот одбор на Атлетската Федерација на Северна Македонија со полно право на глас, без разлика на условот од ставот (3) на овој член.

(8) Мандатот на членот на Извршниот одбор може да престане и пред истекот на рокот, и тоа:

- на лично барање на претставникот;
- со отповикување на претставникот од страна на клубот кој го предложил;
- ако биде отповикан поради непридржување според одредбите на Статутот
- поради објективни состојби, здравствена состојба, смрт и сл., кои не дозволуваат членот да ја врши својата функција;
- поради престанок на членот кој го претставува;
- поради неоправдано присуство на 4 последователни седници на ИО.

(9) Избор на нов член во ИО се врши на првото следно Собрание на АФСМ.

(10) Мандатот на новоизбраниот претставник трае до истекот на мандатот на Собранието.

Член 41

(1) Извршниот одбор:

- ја подготвува седницата и утврдува датата на одржување на седницата на Собранието на АФСМ;
- избира Генерален секретар на АФСМ;

- избира селектор на репрезентацијата;
- распишува оглас за избор на стручен секретар и избира стручен секретар;
- ги уредува правата и обврските на лицата вработени во стручната служба на АФСМ со Правилник за нивна работа;
- доделува признанија и награди на клубови и поединци за остварени резултати;
- ја верифицира и објавува Листата на рекорди на АФСМ;
- објавува таблица на 10 најдобри атлетичари по дисциплини и категории во Република Северна Македонија за секоја измината година;
- подготвува предлог програми за работа на АФСМ, утврдени со овој Статут;
- ги реализира и спроведува одлуките на Собранието;
- изготвува и утврдува Календар и донесува Пропозиции за атлетски натпревари во Република Северна Македонија;
- комуницира со органите и телата на Меѓународната аматерска атлетска федерација (ИААФ) и Европската Атлетска Асоцијација (ЕАА);
- се грижи за реализација на Календарот на натпревари во Република Северна Македонија;
- ги реализира утврдените програми за работа;
- се грижи за обезбедување на материјални средства за реализација на програмите на АФСМ;
- дава предлог на Собранието и други органи и организации за доделување на награди и признанија на клубови и истакнати членови на АФСМ;
- донесува Деловник за својата работа;
- предлага измени и дополнувања на Статутот на АФСМ;
- донесува Правилници за работа на своите комисии;
- врши и други работи што не се во надлежност на Собранието на АФСМ.

(2) За вршење на одредени работи Извршниот одбор по потреба може да формира постојани или повремени работни тела како совети, комитети, комисии и слично. Со одлуката за формирање на определено работно тело, се уредуваат и делокругот на работа, правата и обврските на членовите и составот на работното тело, освен за комисиите од член 44 на овој Статут.

Член 42

(1) Извршниот одбор работи на седници, кои ги свикува и со нив раководи Претседателот.

(2) Извршниот одбор своите одлуки може да ги донесува по електронски пат, со употреба на средства за електронска комуникација. Начинот на одлучување од овој став подетално се уредува со Деловникот за работа на Извршниот одбор.

(3) Свикување на седница може да се изврши и по барање на најмалку 1/3 од членовите на Извршниот одбор.

(4) За донесување на полноправни одлуки на седниците на Извршниот одбор потребно е присуство на најмалку 1/2 од членовите, а одлуките се донесуваат со просто мнозинство од присутните на седницата.

Член 43

Работата на Извршниот Одбор се утврдува со деловник за работа.

Член 44

(1) За целосно и квалитетно реализирање на програмите на АФСМ, Извршниот одбор формира постојани и повремени комисии.

(2) Постојани комисии на Извршниот одбор се;

- тренерска комисија
- натпреварувачка комисија;
- судиска комисија;
- регистрациона комисија;
- дисциплинска комисија;
- комисија за развој;
- комисија за здравствена заштита и допинг контрола;
- комисија за маркетинг и ПР;
- комисија за ветерани;
- комисија за улични трки, планинско и маратонско трчање.

(3) Делокругот на работа на комисиите е утврден во правилниците за работа на Комисиите.

(4) Организацијата и делокругот на активностите на комисиите се во согласност со правилниците за нивната работа.

(5) Претседателите и членовите на комисиите и Стручниот совет ги именува Извршниот одбор на предлог на членовите на АФСМ.

Член 45

(1) Извршниот одбор формира Стручен совет, како стручно консултативно тело на Извршниот одбор на АФСМ, од членовите на комисиите на АФСМ.

(2) Бројот на членовите и делокругот на работа на Стручниот совет се уредува со посебна одлука на Извршниот Одбор.

(3) Стручниот совет дискутира, сугерира, предлага и разгледува важни стручни прашања од значење и интерес за сите членови на АФСМ и даваат свои мислења заради формирање на став на Извршниот Одбор.

## 4.3 НАДЗОРЕН ОДБОР

Член 46

За целосно остварување на определбите од Статутот и другите општи акти на АФСМ и за контрола на наменското користење и располагање со средствата и приходите Собранието на Атлетската федерација на Северна Македонија бира Надзорен одбор од три члена.

Член 47

(1) Надзорниот одбор ја следи работата на Извршниот Одбор и неговите органи и тела и може да свика нивни седници доколку врз објективни оценки утврди дека е неопходна ваква форма на работа.

(2) Правата и обврските на Надзорниот одбор се утврдени во деловникот за работа, кој го донесува Собранието на АФСМ.

(3) Надзорниот одбор од редот на своите членови избира Претседател.

(4) Надзорниот одбор за својата работа поднесува извештај до Собранието на АФСМ најмалку еднаш годишно.

(5) Извештај за својата работа поднесува еднаш годишно и до Извршниот Одбор и тоа при усвојување на завршната сметка на АФСМ.

## 4.4 ПРЕТСЕДАТЕЛ НА АФСМ

Член 48

(1) Претседателот на АФСМ ја застапува и претставува АФСМ.

(2) Претседателот се избира од страна на Собранието на АФСМ за период на 4 години со мнозинство гласови од вкупниот број претставници со право на глас во Собранието на АФСМ.

(3) Претседателот на АФСМ може да биде избран најмногу два мандати последователно и истиот може повторно да биде избран по истекот на временскиот период од најмалку еден полн мандат.

(4) Доколку во моментот на престанување на мандатот на Претседателот на АФСМ, сметката на федерацијата е блокирана најмалку 30 (триесдет) дена, Претседателот чиј мандат престанува не може да биде повторно избран.

(5) Мандатот на Претседателот на АФСМ може да престане и пред истекот на рокот, и тоа:

- на лично барање;
- со одлука на Собранието на АФСМ.

(6) Предлог за донесување одлука од ставот (4) алинеја 2 на овој член, може да дадат најмалку 1/3 од вкупниот број претставници во Собранието на АФСМ со право на глас, а истата се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број претставници со право на глас.

(7) Претседателот за својата работа одговара пред Собранието на АФСМ.

Член 49

Претседателот на АФСМ ги има следните обврски и задолженија:

- ја застапува и претставува АФСМ;
- раководи со работата на АФСМ и ги ускладува активностите на органите на АФСМ;
- ги утврдува предлозите и актите кои ги носи Извршниот Одбор на АФСМ;
- ја следи политиката која ја води Извршниот Одбор на АФСМ;
- потписник е на жиро сметката на АФСМ како поединечен потписник;
- организира, насочува и врши координација со надлежните институции за развој на спортот;
- остварува соработка со другите федерации и спортски друштва во Северна Македонија;
- остварува соработка со меѓународните спортски организации и сојузи;
- предлага заменици претседатели и генерален секретар на АФСМ.

## 4.5 ЗАМЕНИЦИ ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА АФСМ

Член 50

(1) АФСМ има двајца заменици претседатели кои се избираат на предлог на Претседателот од редовите на Извршниот Одбор.

(2) Замениците претседатели ја заменуваат работата на претседателот за време на негово отсуство. Претседателот определува кој од двајцата заменици претседатели ќе го заменува за време на неговото отсуство.

(3) Мандатот на замениците претседатели е 4 години со можност за повторен избор.

(4) За време на замена на претседателот, заменикот претседател ги има сите задолженија и обврски што ги има и претседателот утврдени со статутот на АФСМ.

## 4.6 ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА АФСМ

Член 51

Генералниот Секретар ги има следните обврски и задолженија:
- обавува работи кои му ги доверува претседателот;
- учествува во работата на органите на АФСМ;
- помага во организацијата на натпреварите.

Член 52

(1) Генералниот секретар се именува од редот на истакнатите спортски работници на предлог на Претседателот на АФСМ.

(2) За Генерален секретар може да се именува личност која ги исполнува следните работи:
- има ВСС
- има работно искуство
- има познавање на еден странски јазик
- има организациски способности за обавување на доверените обврски
- знае да работи на компјутер и знае да користи интернет
- ги познава состојбите на атлетскиот спорт во Северна Македонија и пошироко

Член 53

(1) Генералниот Секретар се именува на време од 4 години со можност за повторен избор.

(2) Генералниот Секретар одговара за својата работа пред Извршниот Одбор и Претседателот на АФСМ.

(3) Генералниот секретар е хонорарно ангажирано лице во АФСМ.

## 4.7 СТРУЧНА СЛУЖБА НА АФСМ

Член 54

За извршување на стручни, административно-стручни помошни и на нив слични работи од заеднички интерес за остварување на целите и задачите на АФСМ се формира стручна служба, или се користат услуги на друга специјализирана служба.

Член 55

Правата и обврските и одговорностите за работа на стручната служба се уредуваат со посебен акт што го донесува Извршниот одбор (во согласност со позитивните законски и подзаконски акти во Република Северна Македонија).

Член 56

Средствата за работа на стручната служба се уредуваат со посебен план секоја година.

Член 57

(1) Со стручната служба раководи стручниот секретар, кој го избира Извршниот одбор на оглас на неопределено време, а како непосредни негови задачи се:
- ги организира и координира извршувањето на стручните работи во АФСМ;
- се грижи за подготовка на седниците на Собранието и Извршниот Одбор;
- се грижи за извршување на одлуките донесени од Собраниетот и Извршниот Одбор;
- одговорен е за правилната примена на усвоените правилници и други подзаконски акти од делокругот на работата на органите и телата на АФСМ;

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ • ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 6

- одговрен е за правилната примена на прописите и општите акти;
- се грижи за законитоста и компактибилноста на донесените акти и прописи од стручната служба;
- ги врши и сите други активности кои ќе му ги довери Претседателот на АФСМ и Извршниот одбор.

(2) Стручниот секретар е стручно лице со најмалу 7/1 степен на стручно образование од областа на физичката култура. Постапката за засновање работен однос и негов престанок се спроведува согласно Законот за работните односи.

## 5. АТЛЕТСКА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 58

За учество на атлетските натпревари се формираат :

1. машка и женска сениорска атлетска репрезентација
2. машка и женска јуниорска атлетска репрезентација
3. други атлетски репрезентации на Северна Македонија

Член 59

За натпреварите на Македонската Атлетска репрезентација се води посебна евиденција од страна на стручните служби на АФСМ.

Член 60

Ознаките и симболите на Македонската атлетска репрезентација , атлетичарите можат да ги носат само на натпреварите на репрезентацијата на Северна Македонија.

Член 61

Критериумите по основ на кој се дефинираат правата и обврските на атлетичарите кои се членови на репрезентацијата ги утврдува ИО на АФСМ.

Член 62

(1) Во атлетската репрезентација на Северна Македонија покрај членовите на АФСМ можат да учествуваат и атлетичари кои што се без клубски ангажман , но исклучиво по барање на стручниот совет и по одлука на Извршниот Одбор.

(2) Атлетичарите без ангажман кои што претходно се стекнале со статус на репрезентативци имаат право на настап на изборните и други поединечни натпревари во организација на АФСМ со цел да го потврдат репрезентативниот статус.

Член 63

(1) Атлетичарот кој ќе биде повикан во репрезентацијата и кој без оправдание нема да ги изврши своите обврски спрема атлетската репрезентација на Северна Македонија и кој нема да го почитува правилникот за репрезентацијата, прави дисциплински прекршок кој ќе биде санкциониран од страна на Извршниот Одбор на АФСМ според Дисциплинскиот правилник на АФСМ.

(2) Тренерот кој ќе биде повикан во репрезентацијата и нема да ги извршува задачите согласно Статутот и правилникот за репрезентацијата прави дисциплински прекршок кој ќе биде санкциониран од страна на Извршниот Одбор на АФСМ според Дисциплинскиот правилник на АФСМ.

## 6. ЗДРАВСТВЕНА КОНТРОЛА И АНТИ ДОПИНГ

Член 64

(1) За регистрираните спортисти се врши редовна здравствен контрола на почетокот на секоја натпреварувачка сезона.

(2) Здравствената контрола се врши во здраствена институција согласно законот за Спорт.

(3) Ниту еден атлетичар не може да се натпреварува без потврда за здравствената способност за натпревар, во склад со прописите на Здравствената комисија или надлежните тела на АФСМ.

Член 65

(1) На сите атлетичари им е забрането користење на недозволени стимулативни средства во спортот, допинг и дрога.

(2) Спортските работници и тренерите во атлетскиот спорт се должни да превземат активни мерки на сузбивање на користење на недозволени стимулативни средства во спортот, допинг и дрога.

Член 66

АФСМ и сите нејзините членови (атлетичарите, тренерите и другите спортски работници) ќе ги почитуваат Правилата за Анти-Допинг и процедуралните упатства пропишани од ИААФ.

Член 67

АФСМ и секој член на АФСМ ќе ги почитува следниве обврски:

(1) АФСМ ќе му овозможи на овластениот орган да спроведе допинг контрола за време на натпреварот и надвор од натпреварот, за што потоа еднаш годишно поднесува писмен извештај до ИААФ за извршените допинг контроли во текот на годината;
(2) ИААФ има право да спроведе допинг контрола на националните првенства;
(3) ИААФ има право да спроведе ненајавена допинг контрола на атлетичарите и надвор од натпреварувањето;
(4) Секој атлетски клуб и неговите атлетичари имаат обврска да учествуваат во допинг тестирања за време на и надвор од натпреварите кои се спроведени од АФСМ, ИААФ или некое друго соодветно тело, според Анти-Допинг правилата.

Член 68

Во согласност со прописите на Македонскиот Олимписки Комитет, Агенцијата за млади и спорт и Меѓународните атлетски асоцијации, надлежен овластен орган од АФСМ организира антидопинг контроли на спортистите.

## 7. МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Член 69

(1) Финансирањето на АФСМ се реализира од:

- сопствени извори
- од Буџетот на Република Северна Македонија
- од донаторство
- од спонзорство и средства остварени од маркетинг службата
- од сосспствени приходи – членарина
- Донации на правни лица кои вршат дејност од областа на спортот за која е основана спортска федерација , како и донации од други правни лица ,
- Надомест за спорт утврдени во Закон за игри на среќа

- Надоместоци за спорт утврдени со Законот за данок на добивка Ваучер – систем

.

(2) Материјално - финансиското работење согласно прописите за негово водење го реализира стручната служба на АФСМ согласно Правилник за материјално работење.

(3) Наредбодател за извршување на финансискиот план и програма е Претседателот на АФСМ.

## 8. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА АФСМ

Член 70

(1) Јавноста во работата на АФСМ се обезбедува со транспарентност на седниците на органите на АФСМ, со издавање на информации за нивната работа преку соработка со јавните гласила.

(2) АФСМ може да има свое гласило, чија содржина и име ја утврдува Извршниот Одбор на АФСМ.

Член 71

Органите и телата на АФСМ можат да ја затворат или ограничат јавноста на седницата само доколку се дискутира или решава за документи или информации од доверлив карактер.

Член 72

АФСМ редовно ги известува своите членови за својата работа, предлози, ставови кои ги донесува на своите седници преку средствата за информирање, веб страната или билтените кои ги изготвува.

Член 73

Извршниот Одбор избира претставник (портпарол) кој ќе има обврска да ги изнесува ставовите на АФСМ до јавните гласила, при тоа тој лично одговара за точноста на дадените информации.

## 9. АКТИ НА АФСМ

Член 74

Општи акти на АФСМ се Статут, правилници, деловници, препораки, ставови, насоки и други акти, кои ги донесуваат и спроведуваат органите на АФСМ.

Член 75

(1) Иницијатива и предлози за донесување и измени и дополнувања на Статутот на АФСМ дава Извршниот Одбор, Надзорниот Одбор, претседателот на АФСМ и членовите на АФСМ.

(2) За иницијативата за измени и дополнувања на статутот дискутира Извршниот Одбор, во рок од седум дена од поднесувањето. Доколку ја прифати инијацитивата Извршниот Одбор го утврдува нацртот на измените на статутот и организира јавна расправа помеѓу членовите на АФСМ. Јавната расправа трае седум дена од денот на поднесување на нацрт планот до членовите на АФСМ. Во рок од пет дена после завршување на расправата, Извршниот Одбор ги утврдува предлог измените на статутот и ги доставува на Собранието на АФСМ на усвојување.

Член 76

Иницијативата за донесување на општи акти во надлежност на Извршниот Одбор можат да дадат надзорниот одбор, стручниот секретар, претседателот и членовите на АФСМ.

Член 77

(1) Општите акти стапуваат на сила осмиот ден од денот на нивното донесување, доколку не се утврди поинаку со одлука на надлежниот орган на АФСМ.

(2) Условот од ставот (1) на овој член не се однесува за Статутот на АФСМ и за останати акти за кои е потребна дополнителна верификација односно одобрение од страна на надлежен орган на државната управа или друга организација или институција.

Член 78

Општите акти на клубовите, членови на АФСМ, мораат да бидат во согласност со општите акти на АФСМ. Во случај на несогласување на општите акти на членот и АФСМ, тогаш се применуваат одредбите на општите акти на АФСМ.

Член 79

Во случај на несогласување на Општите акти на АФСМ со Статутот на АФСМ, ќе се применуваат одредбите на статутот.

## 10. СПОРОВИ

### 10.1 Спорови кои ги вклучуваат атлетичарите, тренерите, спортските работници и други лица

Член 80

(1) Секој Клуб ќе вклучи одредба во својот Статут како и во поединечните договори со спортисти според која, доколку поинаку не е наведено во одредено Правило или Пропис, сите спорови кои ги засегаат атлетичарите, тренерите, спортските работници или други лица под нивна надлежност, кои ќе произлезат на каков било начин, било да се однесуваат на допинг или не се однесуваат на допинг, ќе бидат дадени на соослушување во соодветното именувано тело за соослушување или друго тело овластено од АФСМ.

(2) Сослушувањето од ставот (1) на овој член ќе се одвива согласно следниве принципи:

- навремено сослушување пред фер и непристрасно тело за сослушување;
- право на индивидуалецот да биде информиран за обвинувањето против него;
- право да приложи доказ, вклучувајќи го правото да повика и испрашува сведок;
- право да биде претставуван од правен советник; и
- навремена и аргументирана одлука во писмена форма.

(3) Доколку таквите спорови се појават во недисциплински контекст, соодветното тело за сослушување ќе преземе улога на арбитражно и истражно тело.

### 10.2 Спорови помеѓу АФСМ и ИААФ

Член 81

(1) Доколку не е поинаку наведено во одредено Правило или Пропис, сите спорови помеѓу АФСМ и ИААФ ќе се решаваат во Советот на ИААФ.

(2) Советот на ИААФ ќе одреди постапка за арбитража на спорот во зависност од околностите на тој одреден случај.

### 10.3 Спорови помеѓу АФСМ и други федерации

Член 82

(1) Сите спорови со друга Федерација ќе се решаваат во Советот на ИААФ.

(2) Советот на ИААФ ќе одреди постапка за арбитража на спорот во зависност од околностите на тој одреден случај.

## 11. ПРЕСТАНОК НА РАБОТАТА НА АФСМ

Член 83

(1) АФСМ престанува да постои:
- ако Собранието на АФСМ донесе одлука за престанок за работа, со двотретинско мнозинство;
- ако бројот на клубовите здружени во АФСМ се намали под бројот определен за основање,
- ако Уставниот суд на Репубилка Северна Македонија донесе одлука дека Програмата и Статутот на АФСМ не се во согласност со Уставот;
- ако се утврди дека федерацијата престанала со работа.

(2) Со одлука за престанок на работа на АФСМ се утврдува на кого се пренесува нејзиниот имот, согласно Законот.

## 12. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 84

Измени и дополнувања на Статутот донесува Собранието на АФСМ, на начин и постапка иста како при неговото донесување.

Член 85

(1) Во рок од 4 месеци Извршниот Одбор е обврзан да ги донесе сите правилници и други акти неопходни за реализација на одребите од овој Статут.

(2) Толкување на одредбите од овој Статут дава Собранието.

Член 86

(1) Членовите на АФСМ се должни да ги усогласат своите општи акти и Статут со општите акти и Статутот на АФСМ во рок од 4 месеци.

(2) Членовите се обврзани после усогласувањето на својот статут со овој статут или било која промена на својот статут да го достават до стручната служба на АФСМ.

Член 87

Со влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на АФСМ донесен на Собранието на АФСМ на 28. 11. 2020 година.

Член 88

Овој Статут стапува на сила од денот на неговото донесување, а ќе се применува од денот на одобрување од страна на Централниот регистар на Република Северна Македонија односно упис во надлежниот регистар при Централниот регистар на Република Северна Македонија .

Скопје
08. 10. 2021 година

АТЛЕТСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Александра Војнеска Зикова